# ОПШТИНА БУТЕЛ

**Предлагач:** **Градоначалник на**
**Општина Бутел**
**Дарко Костовски**

**Изготвувач:** **Сектор за финансиски прашања**

**Претставник: м-р Андреј Димов**

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# НА ОПШТИНА БУТЕЛ ЗА 2025 ГОДИНА

**Скопје, Март 2025 година**

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 42 став 1 од Статутот на општина Бутел - Пречистен текст ( “Службен гласник на општина Бутел“ бр.03/14), Советот на општина Бутел на 54-та седнива одржана на 14.3.2025 година донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА**
**ОПШТИНА БУТЕЛ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Со буџетскиот календар на општна Бутел за 2025 година се утврдуваат роковите во кои градоначалникот на општина Бутел до општинските сектори и до буџетскиот корисници ги доставува главните насоки за изготвување на нивните финансиски планови, роковите во кои општинските сектори и буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот на општина Бутел, роковите во кои Секторот за финансиски прашања при општина Бутел ги подготвува и го предлага Буџетот на општина Бутел за 2026 година и роковите за донесување на Буџетот на општина Бутел за 2026 година.

2. Подготовката на Буџетот на општина Бутел за 2026 година ќе се врши во согласност со следните активности и рокови за извршување:

| **Ред. Број** | **Активности** | **Рок на извршување** |
|---|---|---|
| 1. | Градоначалникот на општина Бутел подготвува, донесува и доставува општински циркулар со насоки за изготвување на финансиските планови на општинските сектори и на буџетските корисници (основните училишта и детските градинки) | До 1.7.2025 |
| 2. | Општинските сектори и буџетските корисници ги доставуваат до Градоначалникот на општина Бутел предлог - пресметките, односно финансиските планови за 2026 година, со образложение за висината на износите по одделни позици | До 10.9.2025 |
| 3. | Секторот за финансиски прашања при општина Бутел ги анализира доставените предлог – пресметки на секторите и финансиските планови на буџетските корисници, ги усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува градоначалникот за основните параметри и приоритети за буџетот на општина Бутел за 2026 година | До 30.9.2025 |
| 4. | Министерот за финансии донесува буџетски циркулар со насоки за изготвување на буџетот на општините за 2026 година | До 30.9.2025 |
| 5. | Градоначалникот на општина Бутел подготвува Предлог план на програми за развој, усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општина Бутел | До 20.10.2025 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Советот на општина Бутел го одобрува Предлогот на планот на програмите за развој, кој е составен дел на Предлог - буџетот на општина Бутел за 2026 година | До 15.11.2025 |
| 7. | Секторот за финансиски прашања го изготвува Предлог-буџетот на општина Бутел за 2026 година и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување | До 20.11.2025 |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог - буџетот на општина Бутел за 2026 година пред граѓаните преку одржување јавни трибини | Од 05.12 до 25.12.2025 |
| 9. | Градоначалникот доставува до Советот Предлог-буџет на општина Бутел за 2026 година | Најдоцна до 25.12.2025 |
| 10. | Советот на општина Бутел го усвојува буџетот на општина Бутел за 2026 година | Најдоцна до 31.12.2025 |

3. Овој Буџетски календар се применува веднаш по неговото донесување.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.д-р Игор Николов**

**Број 08-566**
**14.3.2025 год.**
**Скопје**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен Весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и Законот за буџетите (Службен Весник на РМ бр .64/05, 4/08, 103/08) се утврдени процедурите за подготвување и за донесување на буџеткскиот календар на општините. На предлог на градоначалникот на општината, буџетскиот календар го донесува Советот на општината.

Со буџетскиот календар се утврдуваат основните активности кои треба да се спроведат во утврдени рокови со цел да се изврши добра подготовка и планирање на буџетот на општината за следната фискална година.

При подготовката на буџетот на општината за 2026 година, се планираат активностите кои општината ќе ги реализира во фискалната година, со особено, внимание за начинот на финансирање на пренесените надлежности од централно на локално ниво. Станува збор за финансирањето на активностите (плати и капитални активности) на училиштата и на детските градинки, кои, ќе се финансираат од Буџетот на општина Бутел преку трансфери од Буџетот на Република Македонија.

Оттука, навремените подготвки за проценување на средствата за финансирање на тие активности ќе се обезбедат соодветни финански износи во рамките на општинскиот буџет за 2026 година. Во таа насока ќе биде навременото подготвување соодветен цикулар од страна на градоначалникот на општина Бутел, во кој ќе бидат наведени главните насоки врз чија основа буџетските корисници ќе треба да ги подготват и да ги достават своите финансиски планови за 2026 година до градоначалникот на Општина Бутел.

Покрај тоа, соодветни насоки за планирање на нивните активности градоначалнникот, преку секторот за финансиски прашања, ќе достави и до одделните сектори во рамките на општина Бутел. Врз основа на тие насоки, општинските сектори подготвуваат планови за финансирање на активностите што се очекува (се планира) да се вршат во текот на 2026 година, со наведување на ориентирните извори на приходи и на планираните расходи во текот на 2026 година.

Врз тие основи, како и врз основа на оценките на градоначалникот на општина Бутел за основните цели и активности на општина Бутел во 2026 година, Секторот за финансиски прашања ќе пристапи кон анализа на очекуваните приходи на општина Бутел во 2026 година од една, и на очекуваните расходи, од друга страна. Во таа насока ќе биде и анализата на буџетскиот циркулар што министерот за финансии е должен да го достави до општините најдоцна до 30.09.2025 година, а во кој треба да бидат набележани главните насоки на макроекономската политика на земјата во 2026 година, начинот на подготвување на општинските буџети за 2026 година, ориентирните износи на разните дотации од централниот буџет и од неговите фондови што општините треба да ги очекуваат и да ги планираат во своите буџети и други битни елементи за подготовка на општинските буџети за 2026 година.

Потоа, ќе следи фаза на подготовка на Предлог-план на програмите за развој на општина Бутел за период од наредните три фискални години (2026-2028). Врз подготовката на Предлог-планот на развојните програми особено, ќе влијае реализацијата на веќе усвоените развојните програми со буџетот за 2025 година. Предложениот план на програмите заа развој на општина Бутел за наредните три фискални години, согласно со членот 21-б од Законот за Буџетите, Советот на општина Бутел го одобрува најдоцна до 15.11.2025 година, кој ќе стане составен дел на Предлог-буџетот на општина Бутел за 2026 година.

Со почитување на тие начела и на тие елемнти, ќе може да се реализира подготовката и донесувањето на буџетот на Општина Бутел во динамика и во рокови што се содржани во предложениот буџетски календар на Општина Бутел за 2025 година, односно донесување на буџетот на општина Бутел за 2026 година во законскиот рок до 31.12.2025 година.

Врз основа на претходно наведените причини и потреби, му предлагам на Советот на општина Бутел да го донесе буџетскиот календар на општина Бутел за 2025 година во предложената содржина.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дарко Костовски с.р.**